Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 493 www.mchamber.mk 20.5.2022

# ОТВОРЕНИ ДЕНОВИ НА СРЕДНИТЕ СТРУЧНИ УЧИЛИШТА ЗА ДЕВЕТТООДДЕЛЕНЦИТЕ




*ОТВОРЕНИ ДЕНОВИ НА СРЕДНИТЕ СТРУЧНИ УЧИЛИШТА ЗА ДЕВЕТТООДДЕЛЕНЦИТЕ*

# ПОКРОВИТЕЛИ
НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# ОТВОРЕНИ ДЕНОВИ НА СРЕДНИТЕ СТРУЧНИ УЧИЛИШТА ЗА ДЕВЕТТООДДЕЛЕНЦИТЕ



Започна втората фаза од кампањата "Учи паметно, работи стручно" преку која младите деветтоодделенци ќе се запознаат со предностите на стручното образование кое претставува пасош за иднината на младите.

Кампањата „Учи паметно, работи стручно", веќе втора година по ред, се спроведува од страна на Министерството за образование и наука со поддршка од Швајцарската амбасада и проектот „Образование за вработување" со цел подигање на атрактивноста на стручното образование, како образование, кое обезбедува подобра иднина за младите во нашата земја.

Во рамките на кампањата, после првата фаза, кога преку социјалниот дијалог помеѓу стручните училишта, локалната самоуправа, коморите и реалниот сектор беа детектирани потребите за стручен кадар на регионално и локално ниво, се креираше уписна политика според потребите на реалниот сектор, се поттикна модернизација на образовните програми за квалификации и поголема вклученост на компаниите за реализација на практичната обука, во втората фаза, ќе се врши промоција на стручното образование. Во оваа фаза, средните стручни училишта ќе организираат отворени денови за идните средношколци запознавајќи ги со струките/секторите и профилите/квалификациите кои ги нудат, но и со предностите на стручното образование, како и со компаниите со кои имаат воспоставено соработка за реализација на практичната обука како најсоодветна можност за стекнување стручни вештини кај учениците на реално работно место. Во рамките на кампањата, компаниите ќе имаат можност пред деветтоодделенците да ги промовираат своите работни процеси, опремата, услугите и производите со цел да ги поттикнат завршените полуматуранти да се запишат за соодветната квалификација потребна на компанијата.

Во рамките на првата фаза од кампањата беа организрани 17 регионални средби во кои беа опфатени 33 града од државата, а во рамките на втората фаза, до крајот на месец мај, отворени денови за полуматурантите во стручните училишта ќе се организираат во 16 градови.

Настаните за промоција на стручното образование придонесоа за подигање на атрактивноста на стручното образование и зголемување на бројката на запишани ученици, а со тоа да се стави крај на предрасудите кои беа врзани за стручното образование.

Стручното образование нуди просперитетна иднина затоа што ја олеснува транзицијата на учениците од училишната средина на реално работно место, вработување по нивното завршување во компаниите каде ја реализирале практичната обука, но и можност за понатамошна академска наобразба на високообразовните институции.

Прво училиште кое ги отвори вратите за полуматурантите беше СУГС „Димитар Влахов", а на промотивниот настан присуствуваше и министерот за образование и наука, Јетон Шаќири.

БИЗНИС ИНФО 5

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА ЗА СИСТЕМОТ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА



За успешно и непречено работење на институцијата, секој вработен во институцијата има значајна улога, а знаењата, вештините, компетенциите, па и талентот на вработените се приоритетен ресурс на компанијата и мора континуирано да се развиваат и надоградуваат. Без континуиран развој на вработените резултатот е назадување на институцијата, додека придобивките од развојот на човечките ресурси е придобивка и за целата институција и ќе придонесе за продуктивност во институцијата, но и задоволство во работењето на вработените.

Стопанската комора на Северна Македоонија, како институција во која постои јасна визија и цел во работењето, смета дека од најдобрите треба да се бара уште подобро. Тоа беше целта, во просториите на текстилната компанијата „Албатрос“ во Штип, да се организира и трета обука за вработените во регионалните комори со седиште во Битола, Прилеп, Штип, Кавадарци, Струмица и Кичево за унапредување на знаењата за процесите во стручното образование и обука и олеснување на постапките за вклучување на компаниите во стручното образование и обука.

Тема на обуката беше „Системот на стручно образование и обука во нашата држава“, која покрива 4 модула: Образовен систем во Република Северна Македонија; Цели и видови стручно образование и обука; Содржина на стручното образование и обука и Законска заснованост на практичната обука и улога и одговорности на учесниците во обуката. Предавач на обуката беше м-р Лепа Трпческа, раководител во Центарот за стручно образование и обука.

Учесниците преку интерактивен пристап имаа можност да ги унапредат своите знаења за реформите што се преземаат во образовниот систем во нашата земја, видовите на стручното образование и обука, вклучување на квалификациите во нивоата од Националната рамка на квалификации според времетраењето на стручното образование и релевантните учесници во системот затоа што функционалноста и реализацијата на стручното образование и обука подразбира партнерски однос и проактивно заедничко учество на главните актери во процесот. Фокусот беше ставен на улогата на работодавачите во процесот на стручното образование и обука започнувајќи од анализата на секторите во кој се дефинираат занимања што припаѓаат на соодветниот сектор, развој на стандардот на занимање, развојот на стандардот на квалификација и модуларизираните наставни програми базирани на компетенции и реализацијата на практичната обука. Практичната обука е еден од главните предуслови за квалификување на кадарот во компаниите, а во таа насока и потребата за поголема вклученост на приватниот сектор во стручно образование и обука. Преку практичната обука се воспоставува колаборативна соработка и се зајакнуваат врските меѓу потребите на пазарот на труд и вештините стекнати низ образовниот систем, се стекнуваат знаења, вештини и искуство во реални услови, се подобрува квалитетот на “понудата” на идните работници во државата и се влијание врз изборот на идната соодветна кариера на учениците.

Во вториот дел од обуката фокусот беше ставен на разликата помеѓу класичното стручно образование и дуалниот модел на образование. Посебно внимание беше посветено на практичната обука во компанијата (учење преку работа) и начинот на проверка и следење на учениците, како и на постапките што треба да ги спроведат компаниите за реализација на практичната обука на учениците во нивните организации (сертификација на менторите и верификација на компаниите за практична обука).

На 19 мај 2022 година беше реализирана обука на истата тема „Системот на стручно образование и обука во нашата држава“ и за координаторите на здруженијата и асоцијациите во Комората кои директно соработуваат со компаниите и го познаваат проблемот од недостаток на стручен кадар. Предавач беше м-р Зоран Јовчевски, советник во Центарот за стручно образование и обука.



# ТРЕБИЊЕ ДОМАЌИН НА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА „ЗАЈАКНУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНИТЕ ТУРИСТИЧКИ ПРОИЗВОДИ“



**Панелистите на конференцијата со заедничка порака - Регионалната соработка и заедничкиот туристички производ се клучот за успехот**

Во рамки на Коморскиот инвестициски форум ЗБ6 - Проект за коморско партнерство за Западен Балкан (КВП проект), во текот на вчерашниот ден Комората за надворешна трговија на Босна и Херцеговина беше домаќин на конференцијата за „Зајакнување на регионалните туристички производи“, на којашто покрај претставници на компании од туристичкиот сектор од регионот, присуствуваат и претставници од надлежните институции, ресорните министерства, туристичките одбори, како и претставници од регионалните комори.

Туристичкиот сектор во регионот на Западен Балкан во последните десет години бележи позитивен раст, но сè уште постои значителен простор за понатамошно искористување на неговиот оригинален потенцијал, што особено се одразува на влијанието на туризмот врз многу други услужни сектори и производствени индустрии, како што се храна, градежништво и финансиски услуги. Туристичкиот успех е тесно поврзан со имиџот на земјата, нејзината политичка и економска стабилност и квалитетот на транспортната инфраструктура и информатичките услуги.

Токму во насока на размена на знаења и искуства со цел дефинирање на потенцијалите и можностите за поголемо поврзување и промоција на регионот, како и креирање на заеднички продукт за настап и претставување на регионот во странство и на далечните пазари, во рамки на конференцијата беа реализирани два панели: „Регионална соработка во туризмот – улогата на приватниот сектор во промоција на регионот како единствена туристичка дестинација“ и „Развој на одржлив туризам – најдобри светски практики“.

Панелистите имаа можност со присутните да ги споделат своите видувања за актуелните состојби од областа на туризмот, проблемите со кои секојдневно се соочуваат, но и да предложат одредени решенија. Уште еднаш беше потенцирано значењето на туризмот како стопанска гранка чијшто развој, директно или индиректно придонесува и за развој на многу други гранки, а со тоа придонесува и за подобрување на економијата во целост. Како што беше истакнато, проблемите се горе-долу исти во сите економии на Западен Балкан, поради што за нивно решавање е потребно заедничко дејствување на сите туристички работници како и претставници на релевантните владини институции.



Претседателката на Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Северна Македонија, Ана Таневска Ѓорѓиевска истакна дека, доколку се земат предвид трендовите во туризмот кои произлегоа како резултата од пандемијата, во наредниот период од особено значење ќе биде токму регионалното поврзување. Од тие причини, таа посочи дека е потребна што побрза изградба и модернизација на патните правци кои ги поврзуваат основните туристички центри во регионот. Туризмот е стопанска гранка на која е потребно да и се даде соодветно место и простор во домашната економија, од причини што е извозно ориентирана гранка, врзува над 15 други стопански дејности, претставува една од трите најбрзо растечи дејности и е двигател на социо-економскиот напредок.

За подигнување на туристичката дејност на повисоко ниво, стопанствениците и инвеститорите од туристичкиот сектор сметаат дека е неопходно да се изменат одредени законски акти и да се размислува за укинување на данокот за туристичките услуги или воведување на диференцијална стапка, односно значително намалување на износот на даноците за туристички услуги за забрзан раст на овој сектор.

Голема можност за развој на туризмот лежи во регионалната консолидација на понудата. Во последните неколку месеци интензивно се работи на поврзување на тур-операторите за да се идентификува уникатната понуда на Регионот, бидејќи на овој начин туристите би можеле да ја посетат и уживаат во неговата исклучителна природна убавина во една понуда. Како што истакнаа и самите панелисти, регионот на Западен Балкан е посебен по многу нешта поради што е потребно да се задржи неговата уникатност и да се брендира и промовира на пазарот на вистински начин. За да се постигне ова, потребна е посилна поддршка од сите вклучени актери, особено од регионалните влади.

Токму преку реализираните панел дискусии, членките на шесте комори на Западен Балкан во рамки на Коморскиот инвестициски форум, дадоа поддршка за поголема поврзаност на економиите, стопанските субјекти од регионот со цел консолидирање на заедничка понуда која може да резултира само со успех за сите во синџирот на поврзување.



# ПРОМОЦИЈА НА АСОЦИЈАЦИЈАТА НА ОДГЛЕДУВАЧИ, ПРОИЗВОДИТЕЛИ И НА ПРИДРУЖНИ ЧЛЕНКИ ВО ИНДУСТРИЈАТА ЗА МЕДИЦИНСКИ КАНАБИС



**Претседателот на Асоцијацијата на одгледувачи, производители и на придружни членки во индустријата за медицински канабис при Стопанската комора на Северна Македонија, Орце Јорданов, и оперативниот координатор, Игор Ангелески, на 15.5.2022 година беа гости во емисијатат „АГРАР“ на Македонската телевизија.**

Гостите во емисијата ги запознаа гледачите со активностите на Асоцијацијата, при што беше истакнато дека таа брои 27 активни членки, кои се занимаваат со одгледување и со преработка, т. е. со екстракција на канабис за медицински цели, како и тоа дека оваа гранка, пред сѐ, има цел заштита на здравјето на луѓето. Во согласност со расположливите податоци, во овој сектор досега се вложени повеќе од 700 милиони евра, најчесто од странски компании кои во земјава директно или индиректно вработуваат повеќе од 1.000 вработени, кои својата егзистенција ја гледаат во оваа индустрија. Станува збор за компании со високо напредна технологија во делот на екстракцијата и на производството на медицински канабис, кој би помогнал во областа на невронауката, во која, според клиничките испитувања, секојдневно се трага по нови лекови и препарати.

Во емисијата се разговараше за можностите за култивирање на оваа култура во домашното земјоделство. Притоа, г. Ангелески нагласи дека условите за култивирање се идеални во повеќето делови на земјата, а интересот кај младите за овој бизнис е сѐ поголем. Интересен е фактот дека оваа билка како суровина може да се користи и во други сектори – градежниот и прехранбениот – но и во текстилната индустрија.

Историски гледано, канабисот, пред повеќе од 120 години, бил клучен за економијата на САД и на Англија, но и на други високоразвиени земји во тоа време, поради неговата застапеност во повеќето индустриски гранки. Истовремено, како билка која цвета и до двапати годишно, има значително поголема предност во однос на другите растенија. Една од предностите е и високата апсорбција на јаглероден моноксид од атмосферата, кој е штетен за здравјето на луѓето. Наместо користење скапи системи за прочистување на воздухот, доволно е оваа култура стратешки да се насади на клучни места околу градовите, со генетика која има својства да апсорбира најмногу карбон моноксид од атмосферата и на крајот да се употреби за производство на градежни материјали. Како резултат на големото присуство на јаглеродни влакна во структурата на билката, таа има идеални својства, пред сѐ, цврстина, но истовремено е идеално еластична и незапалива. Куќите изградени од материјалот хемп-канабис се отпорни на палење и на големи зрачења. Текстилот произведен од хемп-канабис се карактеризира со голема цврстина и со еластичност, а притоа не предизвикува алергиски реакции кај луѓето. Едноставно, придобивките од секоја гледна точка се огромни. Компанијата „Левис“, на чие лого се наоѓаат два коња кои во спротивна насока се обидуваат да растргнат текстил од канабис, неодамна најави дека повторно размислува во своето производство да користи платно добиено од канабис. И компанијата „Хајникен“ е во процес на производство на пиво добиено од оваа билка. Но, сепак, произведените количини во светот не се доволни и овој факт ни кажува дека иднината на оваа култура е во нејзиното култивирано производство.

РС Македонија има огромен потенцијал за култивирано производство на канабис, а доказ за тоа е исклучително краткиот период во кој домашните земјоделци можат да ја култивираат оваа билка, без какви било посебни обуки. Скапите гровери од странство лесно се заменуваат со домашните земјоделци, кои по 1-2 реколти веќе се подготвени самостојно да одгледуваат канабис за медицински цели во контролирани услови во фабриките. Во земјите од опкружувањето, Словенија и Хрватска, култивирањето на оваа билка бележи голем подем. Во Хрватска во 2019 година имало регистрирано само 225 земјоделци со засадени 3.227 хектари со оваа билка, а веќе во 2021 година бројот на земјоделци се искачил на 555 со засадени 7.725 хектари. Интересот постојано расте.

Како Асоцијација на одгледувачи, производители и на придружни членки во индустријата за медицински канабис, ја предлагаме следната стратегија која треба да се спроведе во блиска иднина за да бидеме успешни и конкурентни на регионално ниво:

- Култивирање на билката во отворени и во неконтролирани услови, со ограничување на ТХЦ (тетрахидроканабимолот) до граница на 0,2 %, во согласност со европската регислатива ЦБД-хемп и ЦБГ-хемп. Одвојување од Законот за опојни дроги, член 29, и дозвола за фармерите, која ќе се добива на поедноставен начин. Снабдување семенски материјал со сертификат во кој се наведени горните граници на ТХЦ.

- Поделба на бизнисот, односно поделба на мали, средни и големи компании кои ќе се занимаваат со оваа дејност. Едукација на инвеститорите, т. е. на земјоделците за одгледување култивиран канабис.

- Малите компании да произведуваат готови или полуготови производи, кои ќе најдат примена во градежната, текстилната и во прехранбената индустрија, како и во други индустрии кои не бараат посебни стандарди.

# Одржан вториот Меѓународен инвестициски форум во Русе, Бугарија, во рамки на проектот„Газели“



**Во организација на Трговско-индустриската комора од Русе со партнерските организации од Северна Македонија, Грција и Кипар, а во рамки на проектот „Газели“ - „Организирање на забрзан раст за потенцијалните иновативни мали и средни претпријатија (МСП)“, се одржа вториот Меѓународен инвестициски форум во Дунав Плаза Хотелот во Русе, Бугарија (18 мај 2022 година). Проектот е наменет за иновативни компании кои се карактеризираат со брзо темпо за раст, што значително придонесува кон креирање на нови работни места.**

На форумот свое обраќање имаа претставниците од партнерските организации, г-дин Милан Добрев, извршен директор на Трговско-индустриската комора од Русе, г-ѓа Елени Фоти, лидер на конзорциумот на проектот „Газели“, и директор за меѓународни односи од Атинската стопанска и индустриска комора; г-дин Димитрис Каридис, виш советник во Агенцијата за промоција на инвестиции и трговија, Ентерпрајз Грција; г-дин Искрен Крустеф, претседател на Инкреда асоцијацијата, надлежна за акцелераторската програма во Бугарија; г-ѓа Стела Дионосиева од Одделот за меѓународни проекти при Трговско-индустриската Комора во Русе.

На форумот се претставија 17 мали и средни компании од четирите земји учеснички во проектот, од Северна Македонија, Бугарија, Грција и Кипар во рамки на програмата „БАЛКАН МЕД“. Тие пред потенцијалните инвеститори, бизнис ангели, универзитети и истражувачки центри ги презентираа своите активности со цел остварување на контакти и вмрежување, со што би се создале услови да растат на домашните, регионалните и меѓународните пазари и да се вклучат во идни иновативни процеси. Македонските компании (Elevate-global, PiKCELL Group и Robotika.ai) успешно се презентираа на Форумот и побудија интерес од страна на странските Бизнис Ангели со дополнителни прашања.

Во изминатиот период беа реализирани и активности за зајакнување на капацитетите на Коморите, за да се подобри соработката на засегнатите страни при креирање на постојана политика за иновации и за економски развој, која ќе генерира синергии на транснационално ниво.

Водечки партнер на Проектот „Газели“ е Атинската стопанска и индустриска комора (ACCI), во партнерство со Стопанската комора на Северна Македонија, со Националниот Универзитет во Атина за грантови и истражувања, со Ентерпрајз Грција, со Кипарскиот универзитет за технологија и со Трговско-индустриската Комора од Русе.

Досега беше организиран и Меѓународен инвестициски форум во Скопје во организација на Стопанската комора на Северна Македонија (13 април 2022 година), а предвидени се уште два дополнителни форуми, во Атина на (23 јуни 2022 година) и во Никозија (втора половина на септември 2022 година) пред завршувањето на проектот. Крајниот резултат на проектот треба да биде воспоставување на балканска мрежа за поддршка на иновативните брзорастечки компании.

Партнерите вклучени во овој проект ќе ги промовираат и поддржат мерките во рамките на Балканската мрежа на бизнис ангели меѓу земјите-учеснички и регионите, со тоа што ќе ги оценуваат постоечките политики во областа БАЛКАН МЕД програмата во врска со поддршката на иновативните МСП.



СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




Саем

20.05.2022

# Полско-Македонски Б2Б настан

Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, Ве покнаува да земете учество на „Полско-Македонски Б2Б настан“, кој ќе се одржи на 28 јуни 2022 година во Варшава, Република Полска.

Целта на настанот е продлабочување на соработката на компаниите производители на прехранбени производи од Република Северна Македонија и компаниите од Република Полса, заинтересирани за откуп на производи од земјава. На настанот ќе бидат присутни компании кои работат со увоз и дистрибуција на прехранбени производи за поголемите ланци на супермаркети и имаат интерс за соработка со македонски компнии, производители на свежо овошје и зеленлчук, преработки од овошје и зеленчук, вино, млеко и млечни производи, месно, кондиторски производи и тестенини.

Во рамки на настанот ќе биде организиран и мини саем на македонски производи-преработки од овошје и зеленчук, пијалоци, вино и храна, како и настан за вмрежување (Б2Б) каде македонските производители кои ќе се пријават како учесници ќе имаат можност на сопствени штандови да ги презентираат своите производи пред потенцијалните купувачи од Полска, со цел да остварат директни средби со истите.

Транспортните трошоци се на терет на компаниите.

Сите заинтересирани компании своето учество можат да го пријават најдоцна до 20 мај 2022 година (петок), кај лицето за контакт : м-р Сања Николова, телефон: +389(2)3244-091, моб: 071/230-452, електронска адреса: sanja@mchamber.mk



Саем

25.05.2022

# Саем за директни бизнис-средби „Slovak matchmaking fair Nitra 2022“

Стопанската комора на Северна Македонија, во соработка со Словачката агенција за инвестиции и трговски развој SARIO, ве поканува да учествувате на претстојниот саем за директни бизнис-средби Slovak matchmaking fair Nitra 2022, како дел од конференцијата на тема „Нова димензија на издржливоста на индустријата“, кој ќе се реализира во рамките на 27. Меѓународен саем за инженерство NITRA 2022.

Настанот ќе се одржи во просториите на Agrokomplex National Exhibition Center Nitra, Нитра, Словачка, на 25 мај 2022 година (среда), со опција и за виртуелно учество на средбите.

Саемот за директни бизнис-средби, во организација на Словачката агенција за инвестиции и трговски развој (SARIO), под покровителство на Министерството за економија на Република Словачка, веќе шеснаесет години претставува мост за поврзување на словачки и странски компании. Овој настан на компаниите им нуди единствена можност да разменат информации и да стапат во комуникација со нови потенцијални бизнис-партнери од Словачка и од странство. SARIO е најголемиот деловен настан што го организира Словачката агенција за инвестиции и трговски развој на годишно ниво и им нуди единствена можност на малите и средни претпријатија да најдат потенцијални бизнис-партнери во странство и да влезат на глобалниот пазар.

На овогодишниот настан во рамките на конференцијата предвидени се панел-дискусии на теми важни за компаниите од енергетскиот сектор, како што се енергетските приоритети, диверзификацијата на ресурсите, развојот и ширењето на нови пазари, влијанието на воениот конфликт во Украина на финансискиот пазар и тргувањето на нови пазари.

На настанот компаниите ќе имаат можност да остварат средби со компаниите што ќе бидат присутни на 27. Меѓународен саем за инженерство NITRA 2022, но и со присутните партнери на настанот, со претставниците на државната и на јавната администрација и со консултантите на SARIO.

Повеќе информации (агенда, услови за учество, регистрација) во врска со овогодишниот саем за директни бизнис-средби Slovak matchmaking fair Nitra 2022 може да најдете на Event | Slovak Matchmaking Fair Nitra 2022 (sario.sk).

Сите заинтересирани компании своето учество можат да го пријават најдоцна до 13 мај 2022 година (петок). Пријавувањето за настанот е електронски, со пополнување на пријавниот лист директно на веб-страницата на организаторот на следниот линк: Registration 1/3 « Slovak Matchmaking Fair Nitra 2022 (sario.sk)

За подетални информации во врска со настанот ве молиме контактирајте со: - м-р Сања Николова, телефон: +389(2)3244-091, моб: 071/230-452, електронска адреса: sanja@mchamber.mk

Семинар

26.05.2022

# ДИГИТАЛИЗАЦИЈА ВО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ - УНАПАРЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСИТЕ ЗА ПОЕДНОСТАВНО МЕНАЏИРАЊЕ СО ВРАБОТЕНИТЕ

Стопанската комора на Северна Македонија на 26 мај 2022 година организира еднодневен „он-лајн" семинар на тема: ДИГИТАЛИЗАЦИЈА ВО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ - УНАПАРЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСИТЕ ЗА ПОЕДНОСТАВНО МЕНАЏИРАЊЕ СО ВРАБОТЕНИТЕ.

Дигитализацизација на човечките ресусри претставува дигитална трансформација на услугите и процесите преку употреба на ВЕБ апликации, мобилни аплкации, игри или други технологии со цел побрзо, поточно и поедноставно менаџирање со вработените.

Целта на семинарот е учесниците преку предавање и примери од праксата да се запознаат со сите можности кои ги нуди дигитализацијата во однос на метриките, кои се директно поврзани со човечките ресурси во компанијата, можноста да се стекнат со нови знаења и вештини како и транспарентното работење.

За кого е наменета обуката:

Обуката е наменета за лица, кои на било каков начин, се вклучени во процесите поврзани со човечките ресурси во организациите и тоа менаџери, управители, раководители и останати вработени од секторите за човечки ресурси, правен сектор, финасии.

Начин на работа:

Еднодневниот „он-лајн" семинар е организиран по принцип на тренинг обука, каде што учесниците преку предавање и практично опишување на дигитализацијата на процесите ќе се стекнат нови вештини и ќе ги унапредат постојните знаења поврзани со процесот на менаџмент со човечките ресурси

Предавач:

Дарко Мицкоски, ко-основач и главен извршен директор на ВИДНЕТ Солушнс, компанија која се занимава со развој на дигитални решенија наменети за унапредување на процесите поврзани со менаџирање на човечките ресурси во една компанија. Предавачот има повеќе од 18 години работно искуство во македоснките телекомуникациски компании и целото свое искуство го приемнува во развојот на сопствените решенија. ВИДНЕТ Солушнс на пазарот е познат по својот WIDNET HR Portal кој веќе се користи како во нашата земја така и во странство. Се работи за унифицирано и уникатно решение кое ги опфаќа сите процеси во менаџирањето со вработените..

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3379&lng=1



Презентација

31.05.2022

# БЕСПЛАТНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА- ПРОГРАМА EXECUTIVE MBA НА ROME BUSINESS SCHOOL BELGRADE, 31.5.2022

Стопанската комора на Северна Македонија, како ваш долгогодишен бизнис-партнер, ве поканува да учествувате на претстојната презентација на Програмата Executive MBA на Rome Business School Belgrade („РБС Белград").

„РБС Белград" е меѓународен бизнис-универзитет со седиште во Белград, акредитиран од Rome Business School од Италија. Универзитетот во Рим е членка на PlanetaFormacion y Unervesidades, меѓународна мрежа создадена во 2003 година од De Agostini и од Групацијата Planeta, која претставува синоним за посветеност не само на компаниите туку и на универзитетското образование и на стручната и доживотна обука.

Програмата MBA е наменета за сите професионалци, менаџери и претприемачи кои имаат цел да се здобијат со дополнителни вештини и компетенции, кои не само што се потребни за успешни деловни потфати туку се и клучни за сите оние кои веруваат во етички пристап во работата. Со завршувањето на Програмата студентите се здобиваат со 60 меѓународно признати ЕКТС-кредити и со двојна диплома.

Програмите се креирани во согласност со работните обврски на студентите, со тоа што предавањата се одвиваат еднаш месечно за време на викендите.

Изборот на една од програмите на „РБС Белград" е инвестиција во иднината, бидејќи на студентите им овозможува вистинско корпоративно искуство и деловно опкружување, преку стратешки насоки, иновативен пристап и преку висококвалитетна содржина.

Со цел подетално запознавање со програмите и со можностите што ги нуди Rome Business School Belgrade („РБС Белград"), ве покануваме да ја проследите презентацијата која ќе се одржи на 31 мај 2022 година (вторник), во просториите на Стопанската комора на Северна Македонија (кат 5, сала 4), со почеток во 12:00 часот.

Сите заинтересирани учесници своето присуство можат да го потврдат со пополнување на пријавниот лист во прилог, најдоцна до 27 мај 2022 година (петок).

За подетални информации ве молиме контактирајте со лицето за контакт, м-р Сања Николова, тел: +389/3244-091, моб: 071/230-452, електронска адреса: sanja@mchamber.mk.

**СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

ISO 9001:2015

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

**100** *години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел.: (02) 3244000, факс: (02) 3244088